**Обребски Јозеф**

# РИТУАЛОТ И СОЦИЈАЛНАТА СТРУКТУРА ВО ЕДНО МАКЕДОНСКО СЕЛО

**(наслов на оригиналот: Ritual and social structure in a Macedonian Village, Research Report n. 16, Department of Anthropology, University of Massachusetts, Amherst, May 1977)**

*Айсшракш:* Податоците врз кои се базира овој труд беа собрани во текот на теренската работа која се одвиваше во 1932-33 година во областа Порече во југословенска Македонија. Поголемиот дел од истражувањето беше извршено во селото Волче (31 домаќинство, со околу 170 жители) во близина на Гостивар, околу 30 милји југозападно од Скопје. Тука имав единствена можност да проучам една селска заедница која сé уште не е повлијаена од современите промени. Овој труд посебно обрнува внимание на начините на кои религијата придонесува за групната кохезија и интеграција на селската заедница во едно традиционално аграрно општество. Трудот прави обид за подетаљна анализа на социјалните функции на религијата, со тоа што се фокусира на врската помеѓу организацијата на ритуалните активности и социјалната структура на заедницата.

*Клучни зборови:* Порече, ритуални дејства, ритуални улоги, религиозна заедница, селски кум, магија, маѓепсништво.

## Религијата и селските вредности

Религиозниот живот на селаните е високопрагматичен во неговата основна ориентација. Целта на повеќето ритуални активности, кои се занимаваат како со светото така и со профаното, е обезбедување на благонаклонетоста на натприродните сили во полза на селаните и истерување на потенцијалните зла. Ритуалните дејства и следењето на религиозните норми на општеството се начини за постигнување на она што се цени најмногу во селскиот живот - просперитет и изобилие, добро здравје и долг живот, родни полиња и стока, плодност на жените, целокупен успех во семејниот и во индивидуалниот живот. Во селскиот начин на живот ова се егзистенцијални вредности, кои одат рака под рака со нормативните вредности - моралните сфаќања и идеи за она што претставува "добар живот".

И егзистенцијалните и нормативните вредности имаат јасни религиозни конотации. Добрите нешта во животот се дадени од Бога, наметнати му се на човештвото од страна на Создателот и се усогласени со потребите на генерациите како резултат на Неговата добра волја. Тие се интринсичен дел од божествениот ред. Такви се, оттаму, и нормите во општеството. Нивниот религиозен квалитет се манифестира во типот на санкциите. Нарушувањата на моралниот кодекс на општеството може да биде толерирано од страна на групата и да не се казни. Но Бог, неговите апостоли и светците не го толерираат тоа. Тие го казнуваат нарушувањето на моралниот кодекс со болести, смрт, суша, слаба жетва, намалување на бројот на стоката, поплава и пожар. Значи, казните на натприродните сили за човештвото, всушност, се состојат од лишување од егзистенцијалните вредности.

## Селото како религиска заедница

Религиските верувања и заедничкиот ритуал на селаните претставуваат значајна основа за нивното чувство на групно заедништво. Селаните себеси се сметаат не само за членови на заедница на припадници на одредена група, роднини или соседи, туку исто така и за членови на религиската заедница. Секое село смета дека поседува единствена врска со натприродното, која се одржува преку систем на ритуални дејствија, кои, пак, се дел од неговата специфична традиција. Селаните велат: "Сто села, сто традиции". Оттаму, во дифузниот свет на селското христијанство, секое село претставува автономен ентитет. Учеството на индивидуата во супралокалните црковни обреди се врши посредно, преку нејзиното учество во ритуалните дејствија кои се вршат вообичаено во неговото село.

Многу значајна група ритуални забрани се *зароци̅ше*, свети забрани кои се поврзуваат со светите периоди на селскиот церемонијален календар, кој влијае врз работата, исхраната и врз другите аспекти на личното однесување. Нарушувањето на овие забрани предизвикува натприродни санкции, а овие се особено сурови кога се во прашање позначајните светци. Казните кои евентуално следат не влијаат само врз поединците кои го извршиле нарушувањето, туку и врз целото село. Оттаму, почитувањето на овие норми не е само прашање на индивидуалната религиска должност: тоа е, исто така, обврска кон натприродното и кон заедницата, но и прашање од јавен интерес. Светите забрани претставуваат дел од ритуалните дејствија во кои учествуваат сите без исклучок и кои треба да бидат почитувани од секого. Значи, целиот систем на "зароци" преставува едно равенство помеѓу светото и социјалното, религиската и селската заедница.

Видлив симбол на религиозната димензија на селото е неговата црква. Во ова мало здание не се вршат групни молитви или собири. Локалната традиција не пружа ваква форма на религиозно изразување. Сепак, заедно со околните гробишта, црквата и нејзината околина се најзначајниот свет простор на селото, центар на неговата духовна кохезија. Тука се одржуваат значајните годишни ритуали, на пример ритуалните за време на Богојавление кои се поврзани и со прослави и танцување. Гробиштата се, исто така, значајно место за ритуални дејства, тоа е место каде што постојано се вршат посмртните обичаи поврзани со култот на мртвите. Гробиштата преставуваат начин за реплицирање на внатрешните поделби на селото: гробовите се така распоредени што кореспондираат со селските родови, подродови и домаќинства.

**Организација на ритуалните дејства**

Постојат неколку типови ритуални дејства: прослава на светите денови и на светите периоди од годишниот циклус, култ на мртвите, магија за оздравување, обожување, индивидуални религиозни дејства, ритуали кои се прават при состојба на криза, поврзани со животниот циклус на поединецот, започнување и завршување на главните стопанските активности, магија за обезбедување добро време, ритуална клетва и маѓепсништво.

Како и во други села од регионот, и тука не постои формална и одделна организација која би се грижела за религиозниот и ритуалниот живот на локалната заедница. Не постои селско свештенство, нема селска црковна организација која би била организирана одделно од целокупниот живот на заедницата и нема доделување ритуални улоги на само неколку одбрани лица. Ритуалот, кој е и магиски и религиски, навлегува длабоко и широко во сите видови профана активност и е вклучен во многу аспекти на локалната култура. Но, ритуално-експресивното религиозно однесување на поединечниот член на групата не е проблем на лично религиско определување. Религиозните улоги не можат да бидат преземени од самата индивидуа, по нејзина желба. Поединецот не може да преземе некоја улога само поради неговите лични аспирации. Улогите се доделуваат, преку систем на обичајни правила, во согласност со неговиот социјален статус: позицијата која тој

ја има во рамките на селската заедница како маж или жена, дете или возрасен, сосед, роднина или член на семејството.

Доделувањето на ритуалните улоги не е случајно, но не зависи од личните карактеристики на поединецот. Тоа зависи од социјалната структура на заедницата и од нејзиниот статусен систем. И покрај навидум аморфната и дифузна природа на религиозното однесување, постои јасно одредување на ритуалните улоги внатре во социјалната структура. Еден од ефектите на структуралното поврзување на ритуалните улоги е појавата на различни структурално определени групации, кои различно и диференцирано учествуваат во изведувањето на ритуалните дејства. Овие ритуални дејства не само што овозможуваат изразување на религиозните чувства на оние кои учествуваат во нив, како и на вредностите кои се споделуваат внатре во заедницата од страна на нејзините членови, туку тие исто така ја артикулираат структурната конфигурација на селската заедница: заедницата како таква, системот на сродство, возрасната и половата структура, семејството и домаќинствата.

**Ритуалните улоги и статусниот систем**

Значајна карактеристика на селските ритуални активности е предоминантната улога која ја играат жените. Иако во ритуалот на Богојавление, најзначајниот ритуал од годишниот циклус, мажите се главни актери, во склоп на сите други ритуални активности доминираат жените. Во некои од нив тие се единствените учесници, воопшто или всушност.
Доделувањето на ритуалните улоги на жените паѓа в очи поради очигледната некомпатибилност со статусниот систем во општеството. Патрилинеарноста е фундаменталниот принцип врз кој се базира организацијата на селската заедница и задружниот семеениот систем, кој е доминантна форма на семеен живот. Во согласност со овој систем, селаните, кои преку агнатски врски и субврски потекнуваат од еден пар - предок кој живеел пред околу 200 години, го уживаат неотуѓивото право стекнато со раѓање, на припадност на селската заедница. Нивните сестри и ќерќи сепак не се сметаат, бидејќи, поради патрилокалноста на бракот и преферирањето на селската егзогамија, тие се мажат надвор од селото. Само машките агнатски потомци на основачите на селото имаат неприкосновени права на жителство во заедницата, на користење (според обичајната распределба на земјата) на селските ресурси и исто така, во согласност со нивниот семеен статус, на учество при донесувањето одлуки од јавна важност преку институцијата селски совет. Во склоп на ваквиот патрилинеарен систем се прави остра разлика помеѓу статусот на мажите, староседелци во селото и на жените, туѓинките, на кои правата и обврските се доделуваат според нивните семејни врски со мажите.

Социјалната инфериорност на жените е една од главните теми на оваа култура. Идеите кои се однесуваат на зачнувањето, сексуалното задоволство или пренесувањето на физичката сличност ја потенцираат главната улога која ја играат мажите кога се работи за потомството, како и субмисивната улога на жената. Инфериорната позиција на жената се рефлектира во повеќе обичаи: системите на доделување име и поседувањето лични имиња, термините кои се користат при обраќање, јадење на две одделни маси и, конечно, ограничувања во однос на учеството на жените во различните општествени настани. И правилата кои ги регулираат контактите помеѓу половите се недвосмислен израз на разликата помеѓу мажите и жените.

Во задружното семејство животот на жената е потчинет на групниот авторитет кој нејзе ѝ се наметнува од страна на нејзиниот внатрешен семеен круг: нејзината свекрва, нејзиниот свекор, мажот и девериге. Тоа се нејзините надредени, кои во секое време ѝ доделуваат работа, ѝ даваат наредби, ги надгледуваат нејзините активности и нејзиното однесување. Само доколку и кога ќе стане домаќинка на независно задружно семејство, таа

се ослободува од ограничувањата кои ја ставаат во потчинета позиција, а статусот кој го добива станува комплементарен и споредлив со оној на нејзиниот сопруг.

Ритуалните улоги на жените и на мажите длабоко се разликуваат како во квантитет така и во квалитет. Улогите кои ги играат мажите не се истите оние кои ги играат жените. Постои блиска поврзаност помеѓу доделувањето на ритуалните улоги и статусниот систем на заедницата. Еден значаен аспект на ова доделување е фактот што тоа е поврзано со позициите кои ги имаат членовите на групата, а не со системот на заедничко потекло, семејниот и роднинскиот систем или пак со заедницата.

**Улогата на мажите во ритуалот**

Во циклусот на селскиот живот, профаните периоди, во текот на кои луѓето работат и ги вршат секојдневните работи во согласност со барањата на годишното време, постојано се сменуваат со светите периоди, исполнети со ритуални и церемонијални активности. Во текот на овие свети периоди, кои понекогаш траат и неколку дена, селаните се здружуваат при вршењето на симболичките дејства кои се однесуваат на еден единствен референт-светот на натприродните суштества и сили, за кои се смета дека во одредениот период се особено активни, па оттаму и способни да ја контролираат благосостојбата (или несреќата) на групата.

Еден ритуал, за кој одговорноста ја сносат исклучиво мажите-селани, се однесува на церемонијата на осветување на водата на Богојавление. Ритуалот се одвива во тек на три дена, од кои еден е наречен *женски ден* и е посветен на оддавањето почит на мртвите. Овој ритуал е кулминација на сите ритуални активности во рамките на годишниот церемонијален циклус. Тој се смета за суштествен за просперитетот и успешниот живот на селото, и токму затоа никогаш не се прескокнува или не се превидува.
Главната личност во церемонијата е селскиот кум, од страна на селаните опишан како "нашиот селски свештеник". Оваа позиција се добива по пат на избор, а врз основа на родот. Таа се доделува еднаш годишно на еден од трите најстари рода или *кабиле*. Најчесто за вршење на функцијата се одбира маж кој е доволно силен да ги издржи тешките делови на ритуалот.

Селскиот кум е посредник помеѓу локалната религиска заедница и супралокалните црковни власти. Ритуалот започнува со осветувањето на водата од страна на локалниот свештеник и локалната црква, каде што се собираат сите селски кумови од околните области. Секој кум го носи својот селски крст, кој е истовремено симбол на неговото духовно единство со селото (и на достоинството на кумот), како и на плодноста, здравјето и изобилието кои, преку одржувањето на ритуалот, треба да му бидат донесени на селото. На враќање дома кумот шета низ селото и, кажувајќи благослови, ги прска куќите, стопанските објекти, полињата, ливадите, шталите, колибите и засолништата, кошниците со пчели, а особено селаните и нивната стока велејќи: "Колку капки вода, толку деца. Колку капки, толку телиња, јагниња и деца. Колку јаболка, толку пчели. Нека има здравје, напредок и изобилие. За секого и за сје. Амин". Тој го посетува секое домаќинство и се очекува дека насекаде тој треба да биде дарежлив во давањето благослови. Ништо што е живо и вредно за селанецот не смее да се пренебрегне. Секој член на домаќинството мора да биде споменат по неговото лично име и да биде вклучен во благословите.

По ритуалот се одржуваат вечерни седенки по куќите, но на нив кумот не се однесува како гостин, туку како домаќин. Придружуван од неговите помошници, тој влегува во секоја куќа без да тропа на вратата, седнува на богатата трпеза без да чека покана и, без покана, почнува да јаде и да пие, наздравува за здравје и просперитет на главата на куќата и на неговото семејство. При овој ритуал се присутни само мажи. Истата

церемонија се повторува во секоја куќа, со учесници чиј број се зголемува, бидејќи луѓето од посетените куќи му се придружуваат на кумот.

Следниот ден е ден за одмор на мажите. Истовремено, тоа е ден за тажење во селото, бидејќи селаните се сеќаваат на нивните мртви. Сите селани учествуваат во овие церемонии, но ритуалните улоги им припаѓаат само на жените. Денот се нарекува *женски мали Водици* и се разликува од третиот ден кога се одржуваат *машкиѿе мали Водици*.

Третиот ден од овој циклус, кога церемонијата се приближува до својот крај, завршува со прослава и танцување. Како и при сите такви прослави, прославата се одигрува на селските гробишта. Главниот ритуал се состои од инаугурација и доделување на крстот на новиот кум. Ова започнува со процесија околу црквата, која ја води стариот кум, а е придружена со momински песни. Потоа, во пространиот двор пред малата црква, стариот кум на неговиот наследник му го предава селскиот крст за да се чува до следната година. Во тој момент, конците со кои цвеќињата биле заврзани за крстот во текот на осветувањето на водата се сечат и се делат на сите старешини на домаќинствата.

Сите домаќинства се здружуваат во поседувањето на видливиот симбол на благонаклонетите мистични сили. Ритуалот, имајќи го како своја основа родовскиот систем, ја потенцира одговорноста на селаните за нивното заедништво, континуитет и благосостојба на групата. Истовремено, тој овозможува изразување на чувството на заедништво, на врската помеѓу предците и наследниците, нивните сопруги и семејства, вклучувајќи ги и оние кои починале. Преку институцијата селски кум се воспоставува духовно сродство, кое е највисоката и најсветата форма на сродство, и тоа на ритуално ниво помеѓу сите членови на групата, независно од нивната родовска припадност. Родовскиот систем го издига човекот. Но симболичкото, духовното сродство, официјализирано преку овој систем, создава заедништво кое ги надминува јазовите кои постојат на профано ниво, а кои во заедницата се одржуваат преку патрилинеарноста.

**Ритуални улоги на жените**

Повеќето ритуални активности на жените се состојат од традиционални ритуали кои се вршат од нивна страна или под нивно раководство, а се во врска со светите периоди од церемонијалниот календар. Женските ритуали остро се разликуваат од ритуалот на Богојавление, како во смисла на организација така и во смисла на содржина. Најпрвин, основата за организирањето на женските ритуални активности не е ниту селото во целина ниту неговиот родовски систем, туку домаќинството. Некои ритуали, кои се вршат од страна на селските девојки, се, сепак, организирани врз основа на подродовска поделба. Второ, за разлика од ритуалот на Богојавление, женските адети се состојат од многубројни ритуални дејства, а секое од нив има јасна издиференцирана цел и се врши одделно. Во некои случаи овие цели соодветствуваат на некои од основните егзистенцијални вредности на општеството: здравјето на луѓето, плодноста на земјата и на стоката, млечноста. Во други случаи, пак, целта на ритуалните дејства е да обесхрабрат и да контролираат одредени натприродни или природни зла кои му се закануваат на селскиот живот, како што е женскиот демон *лошоѿија*, недефинирано зло суштество кое предизвикува повеќе болести, или волците кои ги напаѓаат стадата, или глувците кои го јадат житото по амбарите. Ваквите ритуални дејства, кои следат едноподруго, се вршат на празници, на "празни денови" или во текот на некој свет период, кога се наметнуваат свети забрани или на вечерта на "сведни", "свети денови", празнични денови од циклусот.

Адетите се почитуваат како дел од селската традиција и се вреднуваат како привилегија дадена од Бога на луѓето за да бидат способни да го контролираат светото и профаното, за да можат да ги контролираат и нивните сопствени судбини. Негирањето на традиционалните закони не повлекува натприродни казни, ниту пак ги лути светците. Но

тоа на заедницата ѝ ги одзема натприродните извори на нејзината благосостојба и безбедност. Во основа, нивното почитување претставува морална обврска, должност на едни членови на заедницата кон другите.

Главната одговорност за вршењето на адетите паѓа врз сопругата на главата на семејството. Некои од улогите ѝ се доделуваат преку ритуалното правило или она што тоа им симболизира на другите членови на семејството: нејзината ќерка или снаа, нејзиниот син или сопруг, нејзиниот брат или сестра и нејзиниот татко. Поголемиот број од ритуалите сепак ги изведува таа, и сите се извршуваат под нејзино водство и контрола. Всушност, ритуалните функции впечатливо се наsираат во сите нејзини активности. Поголемиот дел од женската работа е исто така насочувана и контролирана од нејзина страна, а вршат помладите женски членови на домаќинството: нејзините снаи, ќерки или внуки. Таа самата веќе не работи на поле, ниту пак работи околу стоката. Таа мора да води сметка за светите денови и светите периоди и да ја организира секојдневната работа и рутина на домаќинството. Таа, користејќи ги едноставните ритуални дејства, го иницира наметнувањето и прекинот на светите табуа. Конечно, при организацијата и изведувањето на домашниот ритуал таа дејствува како врховен авторитет, заменувајќи ја позицијата на машката глава на семејството, без оглед на тоа дали се работи за нејзиниот сопруг или за нејзиниот син. Оттаму нејзините ритуални улоги се инстринсичен дел од нејзиниот статус.

**Жените и култот кон мртвите**

Значајна област од ритуалните активности во кои жените исто така доминираат се ритуалите и церемониите поврзани со култот на мртвите. Мажите се отсутни од овие ритуали. Но ритуалните улоги кои им се доделуваат на жените го прават нивното учество во смртните и посмртните обичаи континуирано, упадливо и ритуално експресивно. Од жените се очекува да жалат подолго време отколку мажите, а самиот начин на тажење е строг и тежок. Вршењето на магиско-религиските практики поврзани со смрт на член на семејството и со неговиот закоп се исто така дел од нивната работа. Нивната особена одговорност се протега и врз организацијата на посмртните ритуали и вршењето на ритуалните улоги поврзани со комеморацијата на починатите. Тие подготвуваат храна за гозби за време на овие настани, дистрибуираат храна и други подароци во деновите на жалење од името на починатите, ритуално раздаваат храна, овошје, ракија и цвеќиња на гробиштата и учествуваат во ритуалното тажење, понекогаш дури и три години по погребот.

Тажењето е едно од централните, најдемонстративните и највпечатливи ритуални дејства, и кога се работи за приватен семеен обред и кога се работи комеморации на мртвите заеднички организирани од страна на целото село, на "мртвите саботи" или во врска со позначајните свети денови. Во овие пригоди мажите можат да стојат блиску до семејните гробишта, тие можат да ја изразат својата болка преку ридање и гласно плачење или можат да разговараат едни со други раскажувајќи за доблестите или тажејќи над страдањата на починатите членови на нивните семејства. Но ритуалното изразување на семејните чувства и чувството на заедништво помеѓу живите и мртвите се работа на жените.

Доделувањето на овие улоги ја потенцира билатералната основа на семејните и роднинските врски. Една жена има обврска да тажи за членовите на семејството од кое потекнува, членовите на семејството во рамките на кое го остварила својот пород и за проширеното семејство во кое влегла со стапувањето во брак. Од неа се очекува да тажи во различни периоди за нејзините мајка и татко, нејзиното дете, сопругот, нејзините браќа и сестри и нејзините братучеди, како и за различните роднини од страната на мажот.

**Жената која лекува и светата жена**

Изедначувањето на статусот на жената со позициите кои ги заземаат мажите преку доделувањето значајни ритуални одговорности е особено впечатливо кога се работи за белата магија. Оваа област е монополизирана скоро ексклузивно од жените. Белата магија, или магијата за исцелување, е ефективна само доколку се врши од страна на постара жена која го минала својот репродуктивен период. Се состои од голем број одделни магиски дејства, при што секое од нив вклучува мануелни дејства и детаљно разработени магиски формули, чие познавање е неопходно за вршење на професијата. За да бидат потполно ефикасни, магиските формули мора да бидат пренесени преку женската линија на вршителот, "преку мојата вера и мојата крв".

Секоја стара жена во селото знае и практикува некој вид магија за излекување. Но за да се стекне статусот на "права баснарица", вистинска исцелителка, жената треба да има експертско познавање на еден цел збир ритуали и магиски формули кои одговараат на различни болести, како и да ги познава реквизитите за вршење на нејзината вештина, вклучувајќи го и осветениот еленски рог, со кој таа ги брка сите зла и, конечно, таа мора да се здобие со репутација на ефикасен исцелител. Таа мора да биде во состојба соодветно да ја дијагностицира болеста, да знае дали таа е од Бога, дали е предизвикана од зли сили или од вештерки и да го употреби соодветниот ритуал, кој вклучува и контрамагија, со која се уништува црната магија, а нејзиниот извршител евентуално се усмртува.

Функциите на жената-исцелителка се на некој начин комплементарни со оние на селскиот кум. Кумот се занимава само со светото, така што областа во која исцелителката ја практикува својата моќ е областа на несветото, натприродното подземје на злите духови и сили. Во некои колективни ритуали, каков што е, на пример, разработениот ритуал на бркање на епидемичните сили од селото, таа ќе дејствува како главен организатор и водач на овие ритуални активности. Нејзината работа се смета за јавна функција и високо се цени: таа ги "спасува" луѓето.

За нејзините услуги ја наградуваат со симболична награда. Вистинската награда која ѝ се дава е подобрувањето на нејзиниот статус. Таа се здобива со привилегии кои се невообичаени. Таа не мора да станува за да ги поздрави мажите. На сите собири, какви што се свадбите, таа може слободно да се движи помеѓу мажите, да седи на нивната маса, да пие ракија со нив и да разговара рамноправно. Доколку го сака тоа, таа може и да разговара употребувајќи профан јазик, кој инаку се употребува само од страна на мажите.

Подеднакво висок статус, дури и попрестижен, може да постигне жена која врши друга света улога, онаа на светица. Светица е онаа која е во состојба да комуницира со светците преку халуцинации и визии. Имаше само една таква жена во мојата област, која ја сретнав во текот на моето истражување, светицата од Речане. Таа комуницираше со светците, кои ѝ се појавуваа и го изразуваа нивното задоволство или, почесто, нивното незадоволство од настаните од селскиот живот. За да ги дијагностицира маките на луѓето кои ѝ доаѓаа барајќи помош, таа се потпираше главно врз сништата. Така, таа беше во состојба да им каже на нејзините клиенти што да прават, дали да одат во црква со молитви и понадица или кај исцелителка. За нејзините услуги таа не земаше пари, но во еден вид црквиче за медитација, која таа ја имаше изградено во нејзиниот двор и каде што се повлекуваше кога ги добиваше своите визии, ѝ беа оставани подароци и пари.

Сите нејзини услуги беа придружени со подучувања во врска со природата, квалитетите и атрибутите на натприродниот свет. Нејзината куќа прерасна во центар на религиската мисла и морална рефлексија изразена во традиционални рамки. Нејзината главна грижа не беше толку зачувувањето на егзистенцијалните вредности посакувани од страна на селаните, колку зачувувањето на фундаменталните нормативни вредности на селското општество. Главната и постојано присутната тема на нејзините подучувања беше

светата природа на општествените обичаи и неприкосновеноста на натприродните казни за лошо однесување: "Господ многу толерира, но светците се многу нестрпливи".

**Маѓепсништвото и неговите методи**

Маѓепсништвото е на дното на ритуалната скала. Тоа е антисоцијално и мора да биде практикувано во тајност. Според селаните, неговата ефикасност се должи на благословот даден од Бога на раните експерименти со црната магија во митските времиња. Маѓепсништвото е лесен занает и во него нема ништо езотерично. Поради едноставноста на неговите магиски формули и конкретниот симболизам, начините на неговото изведување му се познати скоро секому, како на мажите така и на жените. Основниот канон на ова општество гласи дека тоа е сепак практикувано само од страна на жените, а "никогаш, никогаш од мажите": тоа се практикува од страна на "жените, оние мизерните, себичните, злобните, желните, вештерките".

Постојат два вида маѓепсништво: конкретните практики и широкораспространетите сомневања во врска со овие практики. Луѓето велат: "Жената која луѓето ја обвинуваат за вештерство, таа жена веројатно не знае ништо. Некоја друга, која никогаш не се споменува, таа е вештерката". Видовите маѓепсништво кои навистина се практикуваат се со помалку индивидуална природа, во споредба со, на пример, љубовната магија, која предизвикува некоја девојка да избега со млад маж кој може да ѝ е потполно непознат или магиско крадење на млечноста на кравата од соседот, која се постигнува со искривување на некои традиционални закони. Некои други видови маѓепсништво, кои се секогаш присутни во сомневањата, се посериозни. Тие предизвикуваат смрт на децата, стерилитет на жените, семејни кавги, брачни несогласувања, потполно изумирање на семејството. Во основа, тие се состојат од антисоцијални искривувања на ритуалните дејства и се во спротивност, во секоја смисла, со главната цел и намери на легитимниот селски ритуал.

Маѓепсништвото, сѐ додека се практикува, обезбедува механизам преку кој антагонизмите, љубоморите и непријателствата, кои не се во согласност со начелата на семејната и селската солидарност, се здобиваат со можност за прикриено ритуално изразување, кое води до нивно остварување. Широкораспространетите сомневања за маѓепсништвото индицираат дека овие антагонистички ставови се морално репресирани и проектирани на другите. Социјалниот контекст на овие сомневања е мошне значаен. Тие потекнуваат и се здобиваат со висок емоционален интензитет во рамките на релациите кои владеат во proширеното семејство, како, на пример, во односите помеѓу свекрвата и снаата или помеѓу жените во проширеното семејство, на пример жената која е омажена за еден од браќата кои живеат заедно во рамките на задружниот систем.

Реципрочните сомневања потекнуваат од основниот расцеп кој владее во проширеното семејство, што произлегува од неговата патрилинеарност, тоа е оддалечување на статусниот систем од системот на семејна солидарност. Секој член на групата е ставен во ситуација на поделена лојалност: кон групата како целина, кон неговата сопствена семејна ориентација, неговото семејство и кон другите брачни заедници од кои се состои задружното домаќинство. Овие лојалности во одреден момент се неспоиви едни со други. Ова е вистина особено тогаш кога се работи за жените-сопруги, кои секако се аутсајдери во групата и чии сентиментални семејни врски не коинцидираат со оние на нивните сопрузи. Тие се ограничени на нивната брачна заедница, а лојалноста кон групата како целина и кон нејзиниот "внатрешен круг", во кој е стекнат авторитетот, никогаш не е совршена.

Тие ги претставуваат центрифугалните тенденции кои владеат во групата, а кои генерираат антагонизми и ривалитет, кои не смеат да бидат изразени отворено. Со зголемувањето и стареењето на задружното семејство и со намалувањето на солидарност

на неговиот внатрешен круг, а со зголемување на солидарноста на неговите составни брачни заедници, овие тенденции конечно водат до поделба на задружното домаќинство. Овие поделби се вршат во атмосфера на кавги и понекогаш се придружувани од реципрочни обвинувања за маѓепсништво. "Жените го делат семејството".

Поврзаноста на жените со маѓепсништвото е во согласност со генералниот модел на доделување ритуални улоги кои ги фаворизираат жените, а истовремено и со инфериорниот статус кои тие го имаат во селото и во семејството.